ЈАВЕН ПОВИК
за пројавување интерес и овластување на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач

Ноември 24, 2026

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа и член 8-s од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25, 101/25 и 223/26), Градоначалникот на Општина Крива Паланка објавува јавен повик за пројавување интерес и поднесување пријави за овластување на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач.

1. **Предмет на овој јавен повик е избор и овластување на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач за подрачјето на Општина Крива Паланка.**

2. **Услови за учество: На повикот можат да се пријават сите заинтересирани правни лица кои ги исполнуваат условите од член 8-s став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај. Стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач може да врши правно лице кое располага со:**
   - ✓ најмалку 30 м² простор на подрачјето на Општина Крива Паланка, опремен за одржување на обуката, информатичка технологија и друга опрема за водење евиденција, како и најмалку три лица вработени во редовен работен однос, со високо образование (економски, сообраќаен или правен факултет) и најмалку три години работно искуство од областа на транспортот;
   - ✓ Заинтересираните правни лица треба да достават вкупна цена на надоместокот за полагање испит за авто-такси возач, со вклучени трошоци и давачки. Висината на надоместокот треба да биде во рамките на направените трошоци за обука, литература, потрошен материјал, трошоци за испитната комисија и друго. Согласност на трошковникот дава Градоначалникот на Општина Крива Паланка;
   - ✓ да изготви програма за полагање испит за добивање сертификат за авто-такси возач.

☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

3. **Потребни документи: Заинтересираните правни лица, како доказ дека ги исполнуваат условите од точка 2 на овој јавен повик, доставуваат:**
   - ✓ Пријава (Образец 1);
   - ✓ Тековна состојба не постара од 6 месеци;
   - ✓ Релевантен писмен доказ дека располагаат со најмалку 30 м² простор на подрачјето на Општина Крива Паланка, опремен за одржување на обуката (изјава од понудувачот со прилог имотен лист или договор за закуп на простор и сл.);
   - ✓ Релевантен писмен доказ дека располагаат со информатичка технологија и друга опрема за водење евиденција (изјава од понудувачот со прилог пописна листа за 2025 година или друг релевантен доказ);
   - ✓ Доказ дека располагаат со најмалку три лица вработени во редовен работен однос, со високо образование (економски, сообраќаен или правен факултет) и најмалку три години работно искуство од областа на транспортот: копии од обрасците М1/М2 за најмалку тројца вработени; список на вработени по обврзник од ФПИО, не постар од 60 дена; уверение или диплома за завршено високо образование (економски, сообраќаен или правен факултет) за најмалку три лица вработени во редовен работен однос; и потврда за најмалку три години работно искуство од областа на транспортот за секое вработено лице;
   - ✓ Програма за полагање испит за добивање сертификат за авто-такси возач;
   - ✓ Трошковник со висината на надоместокот за полагање испит за авто-такси возач, со сите вклучени трошоци и давачки;
   - ✓ Изјава за лични податоци (Образец 2).

4. Критериум за избор и овластување на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач за подрачјето на Општина Крива Паланка е најниската понудена вкупна цена, утврдена во трошковникот за надоместокот за полагање испит за авто-такси возач, со сите вклучени трошоци и давачки.

5. **Рок и место на поднесување на пријави: Пријавите по јавниот повик, заедно со комплетната документација, можат да се поднесат по пошта на адреса: Општина Крива Паланка, ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 175, Крива Паланка, 1330, или лично во Едношалтерската канцеларија на Општина Крива Паланка (архива), во рокот утврден во точка 6 од овој јавен повик. На пријавата треба да се наведе: „Пријава по јавен повик за избор и овластување на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач за подрачјето на Општина Крива Паланка“.**

6. **Крајниот рок за прием на пријави по овој јавен повик е: 07.12.2026 година до 15:30 часот.**

7. Обврски на правното лице чија пријава е избрана како најповолна, согласно условите од овој јавен повик:
   - ✓ да има програма за полагање испит за добивање сертификат за авто-такси возач;
   - ✓ да соработува со Комисијата за полагање испит за авто-такси возач, формирана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка;

- ✓ да врши стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач за подрачјето на Општина Крива Паланка, согласно Програмата за полагање испит за добивање сертификат за авто-такси возач.

8. **Обврски на Општина Крива Паланка:**

По разгледувањето на поднесените пријави по овој јавен повик, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, врз основа на критериумот за избор – најниската понудена вкупна цена, утврдена во трошковникот за надоместокот за полагање испит за авто-такси возач, со сите вклучени трошоци и давачки, ќе донесе одлука со која ќе изврши избор и овластување на правно лице кое ќе врши стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач за подрачјето на Општина Крива Паланка. Со избраното правно лице ќе склучи посебен договор за уредување на правата и обврските.

9. Јавниот повик за избор и овластување на правно лице за стручно оспособување на кандидати за добивање сертификат за авто-такси возач ќе биде објавен на огласната табла во Општина Крива Паланка и на веб-страницата на Општина Крива Паланка, од каде што ќе можат да се преземат обрасците на пријавата и изјавата.

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митевски